# УПАТСТВО ВО ПАКУВАЊЕТО: ИНФОРМАЦИЈА ЗА КОРИНИКОТ

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го целото упатство.**

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.*

**TYPHIM Vi, раствор за инјектирање во мултидозна вијала**
**Полисахаридна вакцина против стомачен тифус**

-***Активна супстанција***: Полисахариди на *Salmonella typhi* (Ty 2 сој) (25 micrograмi на една доза од 0.5 ml)

-***Помошни супстанции:*** Фенол и пуферски раствор кој содржи натриум хлорид, динатриум фосфат дихидрат, натриум дихидроген фосфат дихидрат и вода за инјекции.

**Производител**
SANOFI PASTEUR
2 Avenue Pont Pasteur
69007 LYON

**Носител на одобрение за промет во Република Македонија**

САНОФИ-АВЕНТИС МАКЕДОНИЈА дооел
Ленинова бр.5
1000, Скопје

## 1.ШТО ПРЕТСТАВУВА TYPHIM Vi И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

TYPHIM Vi вакцината е во форма на раствор за инјектирање (0.5 ml), во мултидозна вијала (10 вијали по 0.5 ml).
Овој медицински производ е вакцина наменета за превенција на појава на стомачен тифус кај возрасни и деца над 2 години.
TYPHIM Vi посебно е индициран кај: патници во ендемски подрачја, мигранти, здравствени работници и воен персонал.

## 2.ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ЈА УПОТРЕБИТЕ TYPHIM Vi

**Немојте да го употребувате овој производ ако Вие или Вашето дете:**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

- Сте алергични кон некој од составните делови на вакцината.
- Имате треска, акутна инфекција или хронична прогресивна болест (во овие случаи вакцинацијата треба да се одложи)

**Бидете посебно внимателни при употреба на TYPHIM Vi:**

- Немојте да ја инјектирате вакцината интраваскуларно (во крвен сад). Осигурајте се дека иглата не навлегла во крвен сад.
- Оваа вакцина обезбедува заштита од ризикот од инфекција со бактеријата која предизвикува стомачен тифус (*Salmonella typhi*), но не и од сродните бактерии (*Salmonella paratyphi* A или B).
- TYPHIM Vi не се дава на деца помали од 2 години, заради ризикот од недоволна ефикасност кај оваа старосна група.

**Бременост и доење**

Заради тежината на болеста, во случај на висок ризик од изложеност на стомачен тифус, бременоста не треба да е причина да не се администрира оваа вакцина.
Овој медицински производ може да се употребува за време на бременост, само ако тоа Ви го советува Вашиот доктор.
TYPHIM Vi може да се употребува за време на доење.

*Советувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да земете било каков лек.*

**Влијание врз способноста за возење на автомобил или ракување со машини**

Нема влијание.

**Помошни супстанции со посебно дејство**

Нема.

**Употреба со други лекови**

Оваа вакцина може да се дава во ист период на вакцинација со други сродни вакцини (хепатит А, жолта треска, дифтерија, тетанус, полиомиелит, беснило, менингитис А+С и хепатитис В)

*Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт ако земате, или ако до неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

## 3.КАКО СЕ УПОТРЕБУВАТYPHIM Vi ?

**Дозирање**

ОВАА ВАКЦИНА СМЕЕ ДА СЕ ДАВА САМО НА ВОЗРАСНИ ЛИЦА И ДЕЦА НАД 2 ГОДИНИ

Една инјекција обезбедува заштита.

Ако ризикот од изложеност продолжи, на секои 3 години треба да се врши ревакцинација.

Распоредот за вакцинирење е ист за деца и за возрасни.

**Метод на администрација**

Вакцината се администрира интрамускулно (во мускул) или субкутано (под кожа).

Секој неупотребен производ треба да се уништи во согласност со правилникот за одстранување на медицински отпад.

**Фрекфренција и време кога треба да се даде TYPHIM Vi:**

Не е применливо.

**Траење на терапијата**:

Не е применливо.

**Ако земете TYPHIM Vi повеќе од колку што е потребно**:

Не е применливо.

**Ако заборавите да земете TYPHIM Vi**

Не е применливо.

**Ако престанете да земате TYPHIM Vi**

Не е применливо.

## 4.НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА НА TYPHIM Vi

Несаканите дејства пријавени после примање на вакцината обично се со умерен интензитет и кратко траат.

- локални реакции на местото на инјектирање (болка, оток, црвенило)
- Ретко: системски реакции (треска, замор, главоболка, малаксалост, болка во зглобовите и мускулите, гадење, болка во стомакот)
- Многу ретко: алергиски реакции (чешање, исип на кожата, уртикарија)

Пријавени се ретки случаи на серумска болест и тешки алергиски реакции (анафилактоидни реакции).

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
СКОПЈЕ

*Ако приметите било какви несакани дејства кои не се споменати во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт.*

## 5.НАЧИН НА ЧУВАЊЕ НА TYPHIM Vi

Да се чува на температура помеѓу 2°C и 8°C (во ладилник)
Да не се замрзнува.

*Чувајте ја TYPHIM Vi на места недостапни за деца !*

*Не ја употребувајте TYPHIM Vi после истекот на рокот на употреба означен на етикетата или пакувањето.*

**Датум на последна ревизија на упатството**
Март 2009 година.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
СКОПЈЕ